**20141845711**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 28 став (2) од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12 и 29/14), претседателот на Република Македонија, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПЛАКЕТИ, ЗНАЧКИ, НАГРАДИ И ПОФАЛНИЦИ НА ВОЕНИОТ И ЦИВИЛНИОТ ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Правилникот за доделување на плакети, значки, награди и пофалници на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/12), во член 13 во ставот 1 зборовите „135x75 мм“ се заменуваат со зборовите „95x55 мм“.

Ставот 2 се брише.

Во ставот 3, кој станува став 2, зборовите „95x55 мм“ се заменуваат со зборовите „65x40 мм“.

Во ставот 4, кој станува став 3, зборовите „65x40 мм“ се заменуваат со зборовите „48x28 мм“.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Плакетите од ставовите 1, 2 и 3 се предаваат и чуваат во кутија обложена со плиш во бордо боја.“

Член 2

Во членот 14 по ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„Позадината од територијата на Република Македонија, орнаментот во облик на развеана лента на воено знаме со натпис „АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ГЕНЕРАЛ ШТАБ“ и плочката во облик на правоаголник со агли заоблени кон внатрешниот дел со посвета, се поставени на метална плоча во мат златна боја. Металната плоча во мат златна боја е поставена врз метална плоча во сјајно златна боја која е обрабена со традиционален македонски вез во бордо боја.“

Ставовите 6 и 7 стануваат ставови 7 и 8.

Член 3

Во член 27 во ставот 1 зборовите „10 ГОДИНА СЛУЖБА“ се заменуваат со зборовите „30 ГОДИНИ СЛУЖБА“, а во ставот 3 зборовите „20 ГОДИНИ СЛУЖБА“ се заменуваат со зборовите „10 ГОДИНИ СЛУЖБА“.

Член 4

По членот 28 се додава нов член 28-а, кој гласи:

„Член 28-а

Минијатурните ленти од членовите 15, 21, 24 и 28 од овој правилник за плакетите и значките се изработуваат од ткаен материјал со конци во боја, поставен на метален носач со механизам за прицврстување.“

Член 5

Во член 32 во точката а) воведната реченица се менува и гласи:

„а) на воен персонал на стручно оспособување, усовршување и обука:”

Во точката б) воведната реченица се менува и гласи

„б) на активен воен и цивилен персонал:“.

Во алинејата 4 зборовите „до пет дена“ се заменуваат со зборовите „до три дена“.

По алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:

„- командант на баталјон - еден ден“.

Член 6

Прилогот бр. 2 се заменува со нов Прилог бр. 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.06-1223/2
12 декември 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

Прилог бр.2

## ПЛАКЕТА НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО МИНИЈАТУРНА ЛЕНТА

Голема плакета




Средна плакета




Мала плакета

